Врз основа на член 67 од Статутот на „Макпетрол“ АД Скопје, а во врска со Кодексот за корпоративно управување на акционерските друштва котирани на Македонска берза, Надзорниот одбор на „Макпетрол“ АД Скопје на 82.седница одржана на ден 22.12.2022 година, донесе

# П О Л И Т И К А

## за избегнување судир на интереси во „Макпетрол“ АД Скопје

### 1. Вовед

**Член 1**

Политиката за избегнување судир на интереси во „Макпетрол“ АД Скопје претставува збир на правила со кои „Макпетрол“ АД Скопје (во понатамошниот текст: „Друштвото“) воспоставува механизми за утврдување, откривање и спречување на судир на интереси во Друштвото.

Оваа Политика се однесува на сите членови на Управниот и Надзорниот одбор на Друштвото, сите членови на Комисиите, раководните лица, како и на сите вработени во Друштвото.

### 2. Судир на интереси

**Член 2**

Судир на интереси помеѓу лицата наведени во членот 1 став 2 и интересите на Друштвото е секоја ситуација во која тие лица имаат директен или индиректен, или во име на лица тесно поврзани со нив, економски интерес, што влијае или може да влијае врз интересите на Друштвото, како и да влијае на непристрасното вршење на нивните овластувања, надлежности, должности и работни задачи.

Судир на интереси постои и во ситуациите кога korиста или потенцијалната корист од информациите добиени врз основа на позицијата или вработувањето во Друштвото се користат од лицата наведени во членот 1 став 2 за сопствени приватни интереси, интереси на лица поврзани со нив, и/или на штета на Друштвото.

Под поимот „лица тесно поврзани со нив“ се подразбира: сопружниците, родителите, децата, браќата/сестрите од двајца родители или само од еден родител, родител посвоител, посвоени деца и/или лица поврзани со нив.

### 3. Судир на интереси кај раководните лица во Друштвото

**Член 3**

На раководните лица во Друштвото не им е дозволено:

- да донесуваат одлуки врз основа на лични интереси или интереси на лица поврзани со нив и не смеат да учествуваат во донесување одлуки во кои имаат судир на интереси;

- да ја злоупотребуваат својата положба во Друштвото со цел остварување на економски или професионални придобивки;
- да бараат, прифаќаат или одобруваат подароци со материјална вредност или донации од Друштвото за себе или за членовите на нивното семејство;
- да користат, за остварување на сопствени интереси, информации добиени при извршувањето на нивните должности и задачи;
- да овозможат трето лице да стекне корист со откривање доверливи информации за Друштвото;
- да склучуваат/вршат работи во рамките на дејноста на Друштвото за сопствена или туѓа сметка;
- да учествуваат како акционери или партнери, или да основаат или пристапуваат кон основано друштво, што има иста дејност како и Друштвото;
- да бидат членови на органи на управување или да работат во друштва кои се во конкуренција со Друштвото;
- на друг начин нелојално да ја конкурираат дејноста на Друштвото.

## 4. Судир на интереси на членовите на Управниот одбор на Друштвото

### Член 4

Судир на интереси на член на Управниот одбор на Друштвото постои во следниве случаи, кога:

- за своја или туѓа сметка врши/склучува работи што претставуваат дел од деловното работење (дејноста) на Друштвото;
- во просториите на Друштвото врши работи за своја или туѓа сметка;
- овозможуваат трети лица да стекнат корист на штета на Друштвото;
- ги искористуваат деловните можности што му припаѓаат на Друштвото за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивното семејство;
- бараат, прифаќаат или одобруваат подароци со материјална вредност или донации од Друштвото за себе или за членовите на нивното семејство;
- учествуваат како акционери или партнери, или основаат или пристапуваат кон основано друштво што има иста дејност како и Друштвото;
- се членови на органи на управување или работат во друштва кои се во конкуренција со Друштвото;
- на друг начин нелојално поставуваат конкурентност на дејноста на Друштвото.

## 5. Судир на интереси на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото

### Член 5

Судир на интереси на член на Надзорниот одбор на Друштвото постои во ситуациите кога сопствениот интерес на членот на Надзорниот одбор и на членовите на неговите комисии ги надминува интересите на Друштвото, а особено во следниве случаи, кога:

- за своја или туѓа сметка врши/склучува работи кои претставуваат пазарна конкуренција на Друштвото;

- кога е член на Управен одбор или на Надзорен одбор во друго друштво кое е во пазарна конкуренција со Друштвото или кога има значителен удел во тоа Друштво;
- кога склучува договор во име на Друштвото за кои не е надлежен или без претходна согласност на Надзорниот одбор на Друштвото;
- овозможуваат трети лица да стекнат корист на штета на Друштвото;
- ги искористуваат деловните можности што му припаѓаат на Друштвото за свои лични интереси или за интересите на членовите на нивното семејство;
- бараат, прифаќаат или одобруваат подароци со материјална вредност или донации од Друштвото за себе или за членовите на нивното семејство.
- учествуваат како акционери или партнери, или основаат или пристапуваат кон основано друштво што има иста дејност како и Друштвото;
- на друг начин нелојално вршат конкуренција на дејноста на Друштвото.

## 6. Обврска за пријавување судир на интереси

**Член 6**

Од интерес за Друштвото е да го следи и да го управува секој идентификуван или потенцијален судир на интереси и, доколку е потребно, да преземе мерки за елиминирање на судирот на интереси, со цел да се обезбеди независност и објективност во усогласувањето со одредбите од оваа Политика.

Лицата од членот 1 став 2 од оваа Политика се должни, без одлагање, при појава на настани или околности кои може да се сметаат за судир на интереси (вклучувајќи сомневање за одредена ситуација или знаење за одредена активност што може да доведе до судир од интерес) или веднаш откако ќе станат свесни за околноста што може да се смета за судир на интереси, да го известат Друштвото, и тоа:

- членовите на Управниот одбор и на Надзорниот одбор за сите потенцијални и актуелни судири на интереси се должни веднаш писмено да го известат Претседателот на одборот чии членови се или Комисијата за ревизија, доколку е формирана;
- доколку член на Управниот одбор смета дека друг член на Управниот одбор на Друштвото не пријавил постоење или потенцијален судир на интереси, должен е писмено да го извести Претседателот на Надзорниот одбор за истото;
- известувањето дека Претседателот на Надзорниот одбор е во судир на интереси, се пријавува писмено до Надзорниот одбор;
- вработените се должни веднаш, без одлагање, писмено да пријават судир на интереси или потенцијален судир на интереси до претпоставениот вработен.

Надзорниот одбор на Друштвото ги следи ситуациите на судир на интереси и еднаш годишно изготвува извештај за појавените судири на интерес во деловната година и за начинот на кој биле разрешени.

## 7. Идентификување на деловни активности и договори (зделки) за кои е потребно претходно одобрување

**Член 7**

Постоечки или потенцијален судир на интереси постои при деловни активности на Друштвото или при постапките за склучување на договори на Друштвото кои претставуваат зделка (вклучувајќи, без ограничување, заем, кредит, залог или гаранција) во која како заинтересирана страна се јавува:

- член на Управниот одбор на Друштвото;
- член на Надзорниот одбор на Друштвото;
- раководни лица на Друштвото;
- акционер на Друштвото кој заедно со поврзаните лица поседува 20% или повеќе проценти од акциите со право на глас во Друштвото;
- лице кое има овластување да дава упатства на Друштвото што се задолжителни.

**Член 8**

Лицата од членот 7 од Политиката се сметаат за заинтересирана страна и се смета дека имаат интерес за склучување на деловната активност или договори доколку наведените лица, нивни застапници, сопружник, родители, деца, браќа/сестри од двајцата родители или само едниот родител, родители посвоители, посвоени деца и/или некое лица поврзано со нив:

- е странка во таквата зделка, нејзин корисник, застапник или посредник во таква зделка;
- поединечно или заедно поседуваат 20% или повеќе проценти од акциите во Друштвото (а кое се јавува како страна во зделката, нејзин корисник, застапник или посредник во зделката);
- е член на Управниот одбор или член на Надзорниот одбор на Друштвото, а кое е страна на зделката, нејзин корисник или застапник во истата, или е раководно лице во Друштвото;
- ако е определено со Статутот на Друштвото.

## 8. Постапка за одобрување зделка со заинтересирана страна

**Член 9**

Сите членови на Управниот одбор и на Надзорниот одбор на Друштвото, доколку тие директно или индиректно или во име на трети страни имаат значителен интерес во каква било зделка, договор или деловна активност што директно влијае врз интересите на Друштвото, се должни веднаш писмено да го известат Претседателот на одборот чии членови се или Комисијата за ревизија, доколку е формирана.

Ќе се смета дека е дадено писмено известување доколку членот на Управниот или на Надзорниот одбор, на седницата на Управниот или на Надзорниот одбор, даде изјава дека е заинтересирана страна за зделката, договорот или деловната активност за која се одлучува на седницата, внесена во записникот.

Заинтересираниот член има право да биде сослушан, но не може да учествува во расправата или во одлучувањето во врска со таа деловна активност или договор (зделка).

Управниот одбор на Друштвото го известува Собранието на акционери на Друштвото на првата наредна седница за одлучувањето во врска со деловната активност или договор (зделка) каде како заинтересирана страна се јавува член на Управниот одбор или Надзорниот одбор на Друштвото.

Ако сите членови на Управниот одбор на Друштвото или мнозинството се заинтересирана страна, за зделката одлучува Надзорниот одбор на Друштвото.

Одлуката за одобрување на зделка со заинтересирана страна се врши со мнозинство гласови од членовите на Надзорниот одбор на Друштвото кои немаат интерес во зделката.

Во случај кога сите членови на Надзорниот одбор на Друштвото се заинтересирана страна или ако бројот на членовите на Надзорниот одбор на Друштвото кои немаат интерес во зделката е помал од бројот што е потребен за кворум за седницата на Надзорниот одбор на Друштвото, таквата зделка ја одобрува Собранието на акционери на Друштвото.

Собранието на акционери на Друштвото ја одобрува зделката со заинтересирана страна со мнозинство гласови на сите акционери кои немаат интерес, а кои поседуваат акции со право на глас, под услови утврдени со закон.

Пред донесување на одлука за одобрување на зделка со заинтересирана страна, во случаите кога вредноста на зделката што е предмет на одобрување или кумулативната вредност на меѓусебно поврзани зделки во текот на изминатите 12 (дванаесет) месеци од денот на одобрување на зделката, изнесува 10% и повеќе од вредноста на активата на Друштвото определена врз основа на последните ревидирани годишни финансиски извештаи, потребно е мислење од овластен ревизор.

## 9. Информации што се објавуваат за зделка со заинтересирана страна

### Член 10

Друштвото е должно на Македонската берза за хартии од вредност да ја објави содржината на предлог-одлуката за зделка со заинтересирана страна заедно со извештајот и мислењето на овластениот ревизор за одобрување на зделката со заинтересирана страна, доколку истата е наведена како точка на дневен ред во објавениот јавен повик за седница на Собранието на акционери.

Друштвото е должно на Македонската берза за хартии од вредност да ја објави содржината на донесената одлука за зделка со заинтересирана страна, најдоцна до почетокот на тргувањето на првиот следен ден на тргување по денот на нејзиното донесување од Собранието на акционери, доколку истата била донесена на седница на Собранието на акционери.

## 10. Информации за зделка со заинтересирана страна што се објавуваат во Годишниот извештај за работењето на Друштвото во претходната година

**Член 11**

Во Годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, Управниот одбор, покрај останатото предвидено во ЗТД, објективно ги презентира зделките со заинтересирана страна со прикажани податоци за висината на износот на трансакциите кои се извршени врз основа на зделка со заинтересирана страна и начинот и постапката во која била одобрена зделката со заинтересирана страна, име, презиме и адреса на заинтересираната страна ако е физичко лице, или назив и седиште ако заинтересираната страна е правно лице.

## 11. Завршни одредби

**Член 12**

Оваа Политика влегува во сила веднаш.

Политиката се објавува на официјалната веб-страница на Друштвото.

**НАДЗОРЕН ОДБОР**
**Претседател,**

**Александар Спасовски**

Официјалната верзија на Статутот на Макпетрол АД Скопје се чува во седиштето на Макпетрол АД Скопје.